# ЗЕЛС
ГЛАСИЛО

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# BNJVL
GAZETË

BASHKËSIA E NJËSIVE TË
VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SE MAQEDONISË








06 • 2009

## СРЕДБА ЗЕЛС-ВЛАДА:
### ПОВЕЌЕЧАСОВЕН ДИЈАЛОГ СО ПРОДУКТИВНИ РЕШЕНИЈА

## ИНТЕРВЈУ СО РОМАН ДЕРБЕЛАЈ,
### ШЕФ НА ШВАЈЦАРСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И СОРАБОТКА

## TAKIM BNJVL–QEVERI:
### DIALOG SHUMË ORËSH ME ZGJIDHJE PRODUKTIVE

## INTERVISTË ME ROMAN DERBELAJ,
### SHEF I AGJENCIONIT ZVICERAN PËR ZHVILLIM DHE BASHKËPUNIM

Почитувани,

Во месец јуни, ЗЕЛС спроведе голем број на активности. Согласно Акциониот план на ЗЕЛС за градење на капацитетите на новоизбраните претставници на локалната власт, од втори јуни до 20 јуни, Одделението за обуки на ЗЕЛС организираше семинари за сите градоначалници на општините кои ја добија довербата од граѓаните на последните локални избори, како и обуки на по тројца претставници од сите совети на општините. Им беа понудени теми, кои предизвикаа голем интерс кај присутните, а беа од областите на процесот на децентрализацијата во земјата, надлежностите на општините, изворите на финансирање, општинскиот буџет, надлежностите на градоначалникот на советите, нивната меѓусебна соработка .... Стручната служба на ЗЕЛС подготви ,,Прирачник, водич низ надлежностите за новоизбраните градоначалници и членови на советите на општините” што е второ изменето, дополнето и проширено издание и кое како бесплатен примерок им беше поделено на учесниците на обуките. ЗЕЛС овој месец, организира и четири еднодневни регионални работилници, наменети за одговорните лица за управување со човечки ресурси именувани од општините.

Како особено значајни настани во овој месец би ги издвоила двете средби на претставници на Управниот Одбор на ЗЕЛС со Владата на РМ. Едната на покана на Премиерот Никола Груевски која се однесуваше на придонесот на локалните власти кон евроинтегративните процеси на нашата земја, а втората на предлог на министерот за локална самоуправа, Муса Џафери беше организирана во ЗЕЛС и на која се дискутираше за многу значајни прашања од локалната власт при што по повеќечасовната дискусија меѓу градоначалниците и министрите се донесоа голем број продуктивни заклучоци. ЗЕЛС организира и посебна средба со министерот за транспорт и врски, Миле Јанакиески, на која се дискутираше за работната верзија на законот за бесправно изградени градби, тема која сега е од особено значење за општините и граѓаните.

Сите овие теми како и темите кои се однесуваат на формирањето и заклучоците на работната група за градежно земјиште, потоа посетата и размената на искуства меѓу седум општини од нашата земја со општини од регионот Долна Норманидија во Франција, како и за напредокот на инсталирањето на опремата за симултан превод ќе прочитате во јунскиот број на Гласилото на ЗЕЛС

Особена чест ми е што во овој број на Гласилото го објавуваме интервјуто што го направивме со шефот на Швајцарската агенција за соработка и развој, г-дин Роман Дербелај, за неговиот огромен продонес што го даде за развојот на децентрализацијата во нашата земја , а особено за развојот на ЗЕЛС, а кој во текот на следниот месец ќе замине од Македонија.

Со почит,

Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС



Të nderuar,

Në muajin qershor, BNJVL zbatoi numër të madh të aktiviteteve. Në pajtim me Planin Akcional të BNJVL-së për ndërtimin e kapaciteteve të përfaqësuesve të sa po zgjedhur të pushtetit lokal, prej 2 qershori deri më 20 qershor, seksioni për trajnime të BNJVL-së organizoi seminare për të gjithë kryetarët e komunave të cilët fituan besueshmërinë e qytetarëve në zgjedhjet e fundit lokale, si dhe trajnime për tre përfaqësues nga të gjitha komunat. U ofruan tema të cilat shkaktuan interes te të pranishmit, e ishin në lëmitë e procesit të decentralizimit në vend, kompetencat e komunave, burimet e financimit, buxheti komunal, kompetencat e kryetarëve dhe të këshillave, bashkëpunimi i tyre i ndërsjelltë... Shërbimi profesional i BNJVL-së përgatiti ,,Doracak, udhërëfyes rreth kompetencave të kryetarëve të sa po zgjedhur të komunave dhe anëtarëve të këshillave të komunave” i cili paraqet botim të dytë, të ndryshuar, të plotësuar dhe i cili si shembull falas u ishte ndarë pjesëmarrësve në trajnime. BNJVL këtë muaj organizon edhe katër punëtori rajonale njëditore, të dedikuara për personat përgjegjës për menaxhim me resurset njerëzore të emëruar nga komunat.

Si ngjarje tejet të rëndësishme këtë muaj, do t'i veçoja dy takimet e përfaqësuesve të Bordit drejtues të BNJVL-së me Qeverinë e RM. Njëra në ftesë të kryeministrit Nikolla Gruevski e cila kishte të bëjë me kontributin e pushteteve lokale në proceset eurointegrative të vendit tonë dhe i dyti në propozim të ministrit për vetëqeverisje lokale Musa Xhaferi, u organizua në BNJVL e në të cilin u diskutua për çështje të rëndësishme nga pushteti lokal me çka pas diskutimit disa orësh midis kryetarëve të komunave dhe ministrave u sollën numër i madh i konkluzioneve produktive. BNJVL organizoi edhe takim të veçantë me ministrin për transport dhe lidhje Mile Janakievski, në të cilin u diskutua për versionin punues të ligjit të ndërtimeve të ndërtuara pa leje, temë e cila tani ka rëndësi të veçantë për qytetarët.

Të gjitha këto tema si dhe temat që kanë të bëjnë me formimin dhe konkluzionet e grupit punues për tokën ndërtimore, pastaj vizita dhe shkëmbimi i përvojave midis shtatë komunave të vendit tonë me komunat e rajonit të Normandisë së Poshtme në Francë, si dhe për përparimin e instalimit të pajisjes për përkthim simultan do të lexoni në numrin e qershorit të Gazetës së BNJVL-së.

Kam nder të veçantë që në këtë numër të Gazetës e botojmë intervistën të cilën e bëmë me shefin e Agjencisë Zvicërrane për bashkëpunim dhe zhvillim, z. Roman Derbellaj, për kontributin e tij të madh të cilin e dha për zhvillimin e decentralizimit në vendin tonë, e veçanërisht për zhvillimin e BNJVL-së, e i cili në fund të muajit të ardhshëm do të largohet nga Maqedonia.

Me respekt,

Dushica Perishiq,
Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së

**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

тел. +389 (0)2 30 99 033 / факс: +389 (0)2 30 61 994
ул. Женевска 66, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

**Извршен директор на ЗЕЛС**
Душица Перишиќ

**Заменик извршен директор на ЗЕЛС**
Ардита Дема

**Уреднички колегиум**
Весна Арсовска - Динковска, Наташа Вртеска, Виктор Арнаудовски

**Дизајн и подготовка за печат**
ПРИНТ ЦЕНТАР

**Печати**
ПРИНТ ЦЕНТАР

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË**

tel. +389 (0)2 30 99 033 / fax: +389 (0)2 30 61 994
rruga. Zhenevska p.n., F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
www.zels.org.mk . contact@zels.org.mk

**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së**
Dushica Perishiq

**Zëvendës drejtor ekzekutiv**
Ardita Dema

**Bordi redaktues**
Vesna Arsovska - Dinkovska, Natasha Vrteska, Viktor Arnaudovski

**Pergatitje per shtyp**
PRINT CENTAR

**Shtyp**
PRINT CENTAR



# ОДРЖАНА
## ВТОРА СЕДНИЦА
## НА УО НА ЗЕЛС

Во административната зграда на ЗЕЛС, на 10 јуни, се одржа втората седница на УО на ЗЕЛС. Директорот на Центарот за управување со кризи д-р Панде Лазаревски ја промовираше идејата за зголемување на степенот на соработката на ЦУК со локалните власти во доменот на превенција, управување и санирање на кризи, согласно 23-те различни ризици, утврдени во Националната платформа што Центарот ја доставил до Владата на РМ. Градоначалникот на Општина Велес, Горан Петров беше предложен за претставник на ЗЕЛС во координативно тело во ЦУК, каде би се дискутирале и донесувале одредени ставови за идни правци на соработката и взаемно дејствување во оваа област. На седница присуствуваа и претставници од ЕВН,ЕСМ, кои попрецизно ги елаборираа предлозите на компанијата за легализирање на дивите приклучоци на уличните светилки, при што побараа општините што ќе констатираат вакви појави да ги пријават. Членовите на УО го пренесоа ставот на одредени општини кои не се задоволни од кавалитетот на услугата што оваа компанија им ја испорачува на нивните граѓани, а се покрена и прашањето за взаемно утврдување на поповолни услови за враќање на наследените долгови на општините кон ЕВН,ЕСМ. На оваа седница членовите на УО го прифатија Меморандумот за соработка склучен меѓу Владата на Р.М. претставувана од Министерот без ресор Нејдет Мустафа, национален координатор на „Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015„ и „Стратегијата за Роми во Р.М.„ и општините. Беше договорено потоа секоја општина да ја разгледа содржината на Меморандумот и да постапи согласно своите ставови за натамошни активности на ова поле. Претставниците од Комисијата за финансирање и буџет при ЗЕЛС ги изнесоа заклучоците што беа донесени на седница на Комсијата. Поради итност во однос на превземање на одредени активности во областа на образованието беше изгласан претседател на Комисијата за образование-градоначалникот на Општина Македонска Каменица -Дарко Митевски.



# U MBAJT SEANCA
## E DYTË E BD
## TË BNJVL-SË

Më 10 qershor, në ora 10, në ndërtesën administrative të BNJVL-së u mbajt seanca e dytë e BD. Drejtori i qendrës për menaxhim me krizat dr. Pande Llazarevski e promovoi idenë për rritjen e shkallës së bashkëpunimit të QMK me pushtetet lokale në fushën e preventivës, menaxhimit dhe sanimit të krizave, në pajtim me të 23 rreziqet e ndryshme të përcaktuara në platformën nacionale të cilën Qendra e ka dorëzuar në Qeverinë e RM. Kryetari i komunës së Velesit Goran Petrov u propozua për përfaqësues të BNJVL-së në trupin koordinativ në QMK, ku do të diskutohen dhe sillen qëndrime të caktuara për drejtimet vijuese të bashkëpunimit dhe të veprimit të ndërsjelltë në këtë lëmi. Në seancë morrën pjesë edhe përfqësues të ESM, EVN, të cilët në mënyrë precize i elaboruan propozimet e kompanisë për legalizimin e kyçjeve pa leje të poçëve rrugorë, me çka kërkuan që komunat të cilat do të konstatojnë paraqitje të tilla t'i paraqesin. Anëtarët e BD e shfaqën qëndrimin e komunave të caktuara të cilat nuk janë të kënaqura nga kualiteti i shërbimit të cilin kjo kompani u'a rekomandon qytetarëve të saj, por u ngrit çështje edhe për përcaktimin e ndërsjelltë për kushte më të volitshme për kthyerjen e borxheve të trashëguara të komunave ndaj EVN,ESM. Në këtë seancë anëtarët e BD e pranuan Memorandumin për bashkëpunim i kontraktuar midis Qeverisë së RM përfaqësuar nga ministri pa resor Nexhdet Mustafa, koordinator nacional i ,,Dekadës për kyçjen e romëve 2005-2015" dhe ,,Strategjia e romëve" dhe komunat. U caktua që pastaj secila komunë t'a shqyrtojë përmbajtjen e Memorandumit dhe të veprojë konform me qëndrimet e tyre për aktivitetet e mëtutjeshme nga kjo lëmi. Përfaqësuesit e Komisionit për fiancim dhe buxhet pranë BNJVL-së u paraqitën konkluzionet të cilat u sollën në seancën e Komisionit. Për shkak të urgjencës së ndërmarrjes së aktiviteteve të caktuara në lëminë e arsimit u votua kryetari i komisionit për arsim – kryetari i komunës së Makedonska Kamenicës – Darko Mitevski.

# ПРИДОНЕС И НА ЛОКАЛНИТЕ ВЛАСТИ КОН ЕВРОИНТЕГРАЦИЈАТА НА НАШАТА ЗЕМЈА

На покана на Владата на РМ, на 10 јуни, членовите на УО на ЗЕЛС се сретнаа со Премиерот, Никола Груевски и повеќе министри, меѓу кои заменик на претседателот на Владата на РМ, Абдилаќим Адеми, министерот за локална самоуправа- Муса Џафери, за финансии- Трајко Славески, за внатрешни работи- Гордана Јанкулоска, за правда, за транспорт и врски, за образование, за култура, за земјоделство шумарство и водостопанство.... Средбата беше свикана со цел на градоначалниците да им се пренесат препораките на Владата на РМ усогласени помеѓу Секретаријатот за европски прашања и Министерството за локална самоуправа, кои се однесуваат на исполнување на обврските на нашата земја во правец на евроинтеграцијата, каде определени одговорности имаат и локалните власти. Премиерот ги посочи главните приоритети и акцискиот план за реализација на клучните приоритети од Партнерството за пристапување, при што пренесе и одредени забелешки што Европската комисија и ги посочила на Владата, а се однесуваат на локално ниво. Во областа на антикорупциските мерки беше укажано дека одредени градоначалници се уште не ја извршиле законската обврска во рок од 30 дена од започнување на мандатот да ги пополнат анкетните ливчиња за имотната состојба испратени од антикорупциската комисија. Потоа во однос на заложбите на Европската Комисја за професионализација на локалната администрација и почитување на Законот за државни службеници, беа посочени смени и други неправилности направени во општинските сервисни центри. Во областа на одзбедувањето на имплементацијата на Охридскиот договор беа посочени општини кои не се придржуваат на одредбите за правичната застапеност при вработувањето на различните ентитети во општината и друго. Присутните дискутираа и за обезбедувањето на исполнување на ефикасност во спроведувањето на Законот за полиција, кој е под строг мониторинг од ЕУ, меѓу кои и во однос на изборот и соработката на општините со полициските командири. Претседателот на ЗЕЛС, Коце Трајановски истакна дека локалните власти активно придонесуваат во ефективно исполнување на обврските за побрзо членство во ЕУ на нашата земја, преземајќи низа активности меѓу кои обезбедување на опрема за симултан превод за 29 општини, интензивни обуки на локалната администрација, воведување на Комисии меѓу заедниците во речиси повеќе од 90 проценти од општините каде постојат законски услови за втор службен јазик, па дури и онаму каде тоа не е законски задолжително, а сопствен придонес даде и при воведувањето на етичките кодекси. Во однос на правичната застапеност при вработувањето беше истакнато дека исто така се прават огромни напори за исполнување и на оваа обврска и покрај слабата финансиска моќ на општините, а исто така беше истакнато дека се подобрува и соработка на полициските командири со општината, при што беше истакната потребата од поголемо присуство на таканаречени улични полицајци со цел обезбедување на поголем надзор во однос на спроведувањето на законските одредби. На состанокот беа изнесени и одредени проблеми со кои се соочуваат општините при што на иницијативан на Министерот за локална самоуправа, Муса Џафери беше договорена повторна средба на претставниците на УО, со Премиерот и членови на Владата.



# KONTRIBUTI I PUSHTETEVE LOKALE DREJTË EUROINTEGRIMIT TË VENDIT TONË

Në ftesë të Qeverisë së RM, më 10 qershor në ora 12, anëtarët e BD të BNJVL-së, u takuan me kryeministrin Nikolla Gruevski dhe shumë ministra midis të cilëve edhe zëvendës kryeministri i Qeverisë së RM, Abdylaqim Ademi, ministri për vetëqeverisje lokale – Musa Xhaferi, për financa Trajko Sllaveski, për punë të brendshme – Gordana Jankulloska, për drejtësi, për transport dhe lidhje, për arsim dhe kulturë, për bujqësi, pylltari dhe ujë... Takimi u thirr e qëllim që kryetarëve të komunave t'u paraqiten rekomandimet e Qeverisës së RM të harmonizuara midis Sekretariatit për çështje evropiane dhe Ministrisë për vetëqeverisje lokale, të cilat kanë të bëjnë me plotësimin e obligimeve të vendit tonë në drejtim të eurointegrimit ku përgjegjësi të caktuara kanë edhe pushtetet lokale. Kryeministri i tregoi prioritetet kryesore dhe planin akcional për realizimin e prioriteteve kyçe nga Partneriteti për aderim, gjatë së cilit tregoi edhe për vërejtjet e caktuara të cilat Komisioni Evropian i'a ka drejtuar Qeverisë, e që kanë të bëjnë me nivelin lokal. Në lëminë e masave antikorruptive u tregua se numër i caktuar i kryetarëve të komunave ende nuk e kanë plotësuar obligimin ligjor që në afat prej 30 ditësh nga fillimi i mandatit t'i plotësojnë fletëzat anketuese për gjendjen e pronës të dërguara nga komisioni antikorruptiv. Pastaj në raport me përpjekjet e Komisionit Evropian për profesionalizimin e administratës dhe respektimin e ligjit për nëpunësit shtetëror, u theksuan ndërrime dhe parregullsi tjera të bëra në qendrat servisore të komunës. Në sferën e sigurimit të implementimit të Marrëveshjes së Ohrit u treguan komunat të cilat nuk mbahen për dispozitat për përfshirjen e drejtë gjatë punësimit të entiteteve të ndryshme në komunë etj. Të pranishmit diskutuan edhe për sigurimin e përmbushjes së efikasitetit në zbatimin e ligjit për polici, i cili është ndër minitoring të rreptë të UE-së, midis të cilëve edhe në raport me zgjedhjen dhe bashkëpunimin me komandatët policorë. Kryetari i BNJVL-së Koce Trajanovski, theksoi se pushtet lokale kontribuojnë në plotësimin efektiv të obligimeve për anëtarësim sa më të shpejtë në UE të vendit tonë, duke ndërmarrë një varg aktivitetesh midis të cilave edhe sigurim të pajisjes për përkthim simultan në 29 komuna, trajnime intenzive të administratës lokale, vendosje të Komisioneve midis bashkësive në pothuaj se më tepër se 90 përqind nga komunat ku ekzistojnë kushte ligjore për gjuhë të dytë zyrtare, por edhe aty ku me ligj nuk është obligative, e kontribut personal edhe gjatë vendosjes së një kodi etik. Në raport me përfshirjen e drejtë gjatë punësimit u theksua se bëhen përpjekje të mëdha për plotësimin edhe të këtij obligimi krahas forcës së dobët financiare të komunave, e gjithashtu u theksua se përmirësohet edhe bashkëpunimi me komandantët policorë me komunën, gjatë së cilës u theksua edhe nevoja e pjesëmarrjes së të a.q. policë rrugorë, me qëllim që të sigurohet mbikëqyrje më e madhe në raport me zbatimin e dispozitave ligjore. Në mbledhje u treguan edhe problemet e caktuara me të cilat ballafaqohen komunat me çka në iniciativë të Ministrit për vetëqeverisje lokale, Musa Xhaferi, u caktua takim i sërishëm i përfaqësuesve të BD, me kryeministrin dhe anëtarët e Qeverisë.






# ПОЛЕМИКИ ОКОЛУ РАБОТНАТА ВЕРЗИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ГРАДБИ

Голем дел од забелешките што ЗЕЛС досега му ги достави на Министерството за транспорт и врски, а се однесуваа на работната верзија на законот за бесправно изградении градби ќе бидат прифати и вметнати во нова работна верзија, која повторно ќе биде испратена до ЗЕЛС, истакна министерот на МТВ, Миле Јанакиески, на средбата одржана на 29 јуни во просториите на ЗЕЛС, на која во присуство на поголем број градоначалници се дискутираше за предлозите за подобрување на законските решенија за бесправните градби кои се се уште во процедура. Присутните градоначалници истакнаа дека сепак постојат низа отворени прашања кои доколку не се решат ќе претставуваат пречка за непречена примена на законот. Беше истакнато дека ограничувањето на законот за третман само на градби со намена домување во стамбени куќи со висина до 10.2 метри и делови на градби со намена домуваање во стамбени куќи кои се изградени без или спротивно на одобрение за градење ќе доведат до решавање на само мал процент од дивоградбите. ОД МТВ истакнаа дека ќе размислат за прифаќање на предлогот на ЗЕЛС во овој закон да бидат опфатена легализацијата и на деловните и стопанските објекти. Министерот истакна дека засега во МТВ не планираат да направат измени во утврдената висина за легализација на градбите до 10.2 метри. Градбите над оваа висина ќе се легализират доколку ги задоволуваат критериумите за легализација, но само до посочената висина, бидејќи се што е над оваа висина ќе биде третирано како дивоградба. Според министерот, општините ќе мора да ги донесат урбанистичките планови и во нив да ги вклопат градбите за кои ќе дадат урбанистичка согласност. Средставта за тоа треба да ги обезбедат преку законското решение сами да ја одредуваат висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште и на надоместокот за уредување на просторот. Руралните општини и преку одредени програми на министерството ќе добијат средства за изработка на плановите. Беше посочено дека роковите за примена на законот се куси, на што од МТВ одговорија дека ќе ја разгледаат можност за нивна промена. Исто така беше посочено дека проблем за успешно спроведување на законот ќе претставуваат големиот број нерасчистени имотно правни односи како за градбите така и за земјиштето на кое тие се изградени градбите,при што беше укажано дека тоа е предмет на судска разврска. Истакнато беше дека прашањето за решавање на градбите на социјалните случаи и како тие ќе се решаваат ќе биде оставено во надлежност на општините, но при тоа ќе мора да се внимава што всушност претставува социјален случај, бидејќи социјалниот случај не се мери преку вработеноста и невработеноста, туку преку состојбата на имотот.

# POLEMIKA RRETH VERZIONIT PUNUES TË LIGJIT PËR NDËRTIMET E NDËRTUARA PA LEJE

Pjesë e madhe e vërejtjeve të cilat BNJVL deri më tani i'a dorëzoi Ministrisë për transport dhe lidhje, e ka të bëjë me verzionin punues të ligjit për ndërtimet e ndërtuara pa leje do të pranohen dhe do të përfshihen në versionin e ri punues, i cili sërish do t'i dërgohet BNJVL-së, theksoi ministri i MTL, Mile Janakievski në takimin e mbajtur më 29 qershor në hapësirat e BNJVL-së, në të cilin në pjesëmarrje të një numri më të madh të kryetarëve të komunave u diskutua për propozimet për përmirësimin e vendimeve ligjore për ndërtimet pa leje të cilat janë ende në procedurë. Kryetarët e pranishëm të komunave theksuan se përsëri ekzistojnë varg çështjesh të hapura të cilat po që se nuk rregullohen do të paraqesin pengesë të zbatimit të papenguar të ligjit. U theksua se kufizimi i ligjit për tretman vetëm të ndërtimeve me dedikim për banim në shtëpitë banesore në lartësi deri më 10.2 metra dhe pjesë të ndërtimeve me dedikim për banim në shtëpitë banesore të cilat janë ndërtuar pa ose në kundërshtim të lejes për ndërtim do t'a shkaktojë problemin për ndërtimet pa leje të jetë i zgjedhur në përqindje të vogël. Nga MTL theksuan se do të mendojnë për propozimin e BNJVL-së që në këtë ligj të përfshihet legalizimi edhe i objekteve zyrtare dhe ekonomike. Ministri theksoi se tani në MTL nuk planifikojnë të bëjnë ndryshime në lartësinë e përcaktuar deri më 10.2 metra. Ndërtimet mbi këtë lartësi do të legalizohen për deri sa i kënaqin kriteret për legalizim , jo vetëm deri në lartësinë e dhënë sepse çdo gjë që është mbi këtë lartësi konsiderohet si ndërtim pa leje. Sipas ministrit komunat do të duhet t'i sjellin planet urbanistike dhe në to t'i përfshijnë ndërtimet për të cilat do të jepen pajtueshmëri urbanistike. Mjetet për lartësinë e kompensimit për rregullim të hapësirës. Komunat rurale nëpërmjet të programeve të caktuara të ministrisë do të fitojnë mjete për përpunimin e planeve. U theksua se afatet për zbatimin e ligjit janë të shkurta, për çka nga MTL u përgjigjën se do t'a shqyrtojnë mundësinë për ndryshimin e tyre. Gjithashtu u theksua se problem për zbatim të suksesshëm të ligjit do të paraqesin numri i madh i raporteve jurdiko pronësore si dhe toka në të cilën janë ndërtuar me çka u tregua se ky është objekt i zgjidhjes ligjore. U theksua se çështja për zgjidhjen e ndërtimeve të rasteve sociale dhe si do të zgjidhen ato do të ngelet në kompetencën e komunave, po para saj duhet të merret parasysh se çka paraqet rast social sepse rasti social nuk matet me punësimin dhe papunësimin , por nëpërmjet të gjendjes së pronës.

# ЗЕЛС ОРГАНИЗИРАШЕ ОБУКИ ЗА СИТЕ ГРАДОНАЧАЛНИЦИ И ЗА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ ОД ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ



Согласно Акциониот план на ЗЕЛС за градење на капацитетите на новоизбраните претставници на локалната власт од втори јуни, па се до 20 јуни, Одделението за обуки на ЗЕЛС организираше семинари за сите градоначалници на општините кои ја добија довербата од граѓаните на последните локални избори, како и обуки за тројца претставници од сите совети на општините. Дводневните обуки за градоначалниците се одржуваа во Маврово, " во Струмица и во Прилеп. На работилниците беа обработувани повеќе теми од значење за работењето на локалната самоуправа и нејзините надлежности меѓу кои особено интерес предизвикаа темите ,,Преглед на процесот на децентрализацијата", ,,Градоначалникот како лидер", ,,Соработката со општинскиот совет", како и темите посветени на изворите на финансирање на општините и финансиското работење. Исто така беа презентирани и теми посветени на општинска администрација, надлежности во областа на образованието, локалниот економски развој, учество на јавноста во локалната самоуправа, животната средина и урбанизам и соработката на градоначалникот и Советот на општината". Започнувајќи од 13 јуни, па се до 20 јуни ЗЕЛС организираше еднодневни обуки и за претседателите на сите општински совети и за сите координаторите на советничките групи од позицијата и опозицијата. Обуките започнаа во Струга, а потоа се одржуваа во Велес, Прилеп, Кочани, Скопје, Струмица и Гостивар. Беа обработувани слични теми како и оние наменети за градоначалниците при што посебен акцент беше ставен на темите ,,Работа со градоначалникот и вработените во администрацијата,, ,,Општинска администрација", ,,Општински финансии-буџетирање" и други. На работилниците ЗЕЛС на градоначалниците и на претставниците од Советите им подари по еден примерок од дополнетото и проширено издание на публикацијата ,,Прирачник-водич за новоизбраните градоначалници и советници" што го подготви стручната служба на ЗЕЛС.



# BNJVL ORGANIZOI TRAJNIME PËR TË GJITHË KRYETARËT E KOMUNAVE DHE PËR PËRFAQË-SUESIT E KËSHILLIT TË KOMUNËS



Në pajtim me Planin akcional, BNJVL për ndërtimin e kapaciteteve të përfaqësuesve të sa po zgjedhur të pushtetit lokal prej 2 qershor deri më 20 qershor, Seksioni për trajnime të BNJVL-së organizoi seminare për të gjithë kryetarët e komunave të cilët fituan besueshmërinë e qytetarëve në zgjedhjet e fundit lokale, si dhe trajnime për nga 3 përfaqësues të këshillave të komunave. Trajnimet dyditore për kryetarët e komunave u mbajtën në Mavrovë, në Strumicë dhe Prilep. Në trajnime u përpunuan tema të shumta të rëndësishme për punën e vetëqeverisjes lokale midis të cilave interes të veçantë shkaktuan temat: ,,Kontrollë i procesit të decentralizimit", , ,,Kryetari i komunës si lider", ,,Bashkëpunim me këshillin e komunës" si dhe temat e dedikuara për burimet e financimit të komunave dhe puna financiare. Gjithashtu u prezentuan temat të dedikuara për administratën komunale, kompetencat në lëminë e arsimit, zhvillimi ekonomik lokal, pjesëmarrja e publikut në vetëqverisjen lokale , mjedisi jetësor dhe urbanizmi dhe bashkëpunimi i kryetarit të komunës dhe këshillit të komunës. Duke filluar që nga 13 qershori deri më 20 qershor BNJVL organizoi trajnime njëditore edhe për kryetarët e të gjitha këshillave të komunave dhe për të gjithë koordinatorët e grupeve të këshilltarëve nga pozita dhe opozita. Trajnimet filluan në Strugë, e pastaj u mbajtën edhe në Veles, Prilep, Koçani, Shkup, Strumicë dhe Gostivar. U përpunuan tema të ngjashme si dhe ato të dedikuara për kryetarët e komunave me çka theks i veçantë i'u vendos temave ,,Puna me kryetarët e komunave dhe të punësuarit në administratë", ,,Financat komunale – buxhetimi", ,,Administrata komunale", etj. Në punëtoritë BNJVL u ndau këshilltarëve nga një shembull të botimit të plotësuar dhe të zgjëruar të publikimit ,,Dorracak-udhërrëfyes për kryetarët e komunave dhe këshilltarët të sa po zgjedhur" të cilin e përgatit shërbimi profesional i BNJVL-së.



## ЗЕЛС СПРОВЕДЕ ОБУКИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Од 23 до 26 јули, ЗЕЛС одржа четири еднодневни регионални работилници во Скопје, Маврово, Битола и Струмица, наменети за одговорните лица за управување со човечки ресурси именувани од општините. Станува збор за воведни работилници на кои беа поканети претставници од сите општини, при што на учесниците им беше поделен прирачник ,,Методологијата за утврдување на потреби од обуки". Всушност ЗЕЛС во соработка со Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во рамките на Проектот ,,Формирање национална мрежа на одговорни лица при ЕЛС за управување со човечки ресурси" креираше База на податоци за одговорните лица за човечки ресурси во сите општини. Оваа база ќе биде достапна на web страната на ЗЕЛС ( њњњ. зелс.орг.мк) . Целта на овој Проект е да се даде придонес во развојот на областа за управување со човечки ресурс, која има особено значење за развојот на општината бидејќи, човечкиот капитал е клучната движечка сила на процесите и промените на секоја организација. Во рамките на Проектот, ЗЕЛС подготвува правилник за работа на Мрежата, при што заедно со назначените лица од ЕЛС ќе бидат креирани идните активности потребни за нивно надградување.

## BNJVL ZBATOI TRAJNIME PËR MENAXHIM ME RESURSET NJERËZORE

Prej 23 deri më 26 qershor, BNJVL mbajti katë trajnime rajonale njëditore, dhe atë në Shkup, Mavrovë, Strumicë dhe Manastir, të dedikuara personave përgjegjës për menaximin me resurset njerëzore të emëruar nga komunat. Bëhet fjalë për punëtori hyrëse në të cilat u ftuan përfaqësues nga të gjitha komunat, gjatë së cilës pjesëmarrësve u shpërndahen doracakë ,,Metodologjia për përcaktimin e nevojave nga trajnimet" Në fakt BNJVL në bashkëpunim me Qendrën e Maqedonisë për Bashkëpunim ndërkombëtar (MCMS) në suazat e projektit ,,Formim i rrjetit nacional për persona përgjegjës pranë NJVL për menaxhimin me resurset njerëzore" krijoi bazë për të dhëna për personat përgjegjës për resurset njerëzore në të gjitha komunat. Kjo bazë do të jetë e afrueshme në web faqen e BNJVL-së (www.zels.org.mk). Qëllimi i këtij projekti është që të jepet kontribut në lëminë e menaxhimit me resurset njerëzore, i cili ka rëndësi të madhe në zhvillimin e komunave , sepse kapitali njerëzor është forca kyçe lëvizëse e proceseve dhe ndryshimeve të çdo organizate. Në suazat e projektit BNJVL përgatit rregullore për punën e rrjetit, me çka së bashku me personat e emëruar nga NJVL do të krijohen aktivitetet e ardhshme të nevojshme për përsosjen e tyre.

## ПРИРАЧНИК ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ И СОВЕТНИЦИТЕ

„Прирачник, водич низ надлежностите за новоизбраните градоначалници и членови на советите на општините" е второто изменето, дополнето и проширено издание што го подготви стручната служба на ЗЕЛС и кое претставува бесплатен примерок за претставниците од локалната власт. Испечатено е на македонски јазик во тираж од 2.000 примероци и на албански јазик, во 800 примероци. Во Прирачникот се содржани најзначаните области кои се во надлежност на локалните власти, меѓу кои обработена е темата за органи на општината, финансирањето и општински буџет, управување со општинскиот имот, локален економски развој, просторно и урбанистичко планирање. Исто така, разработени се и надлежностите во областа на образованието, спортот, социјалната заштита, културата, јавните и комунални претпријатија, заштитата на животната средина. Значењето на транспарентноста и достапноста на општината до граѓаните и целокупната јавност е исто така од особено значење, па во тој контекст разработена е и темата за односи со јавност и граѓанско учество во локалната власт.Улогата на ЗЕЛС, како единствена чадор организација на сите 84 општини и Градот Скопје, потоа учеството на локалните власти, преку ЗЕЛС во европските институции и тела кои се посветени на развоја на оваа област и можностите за соработка меѓу самите општини самите општини се исто така интересни четива особено за лицата кои во текот на следните четири години ќе бидат одговорни за непречено и квалитетно функционирање на локалната власт во целост во нашата земја. Со Прирачникот сите заинтересирани може да се запознаат и преку web страната на ЗЕЛС (www.zels.org.mk), каде истиот е прикачен.

## DORACAK PËR KRYETARËT E KOMUNAVE DHE KËSHILLTARËT

„Doracak, udhërëfyes rreth kompetencave për kryetarët e sa po zgjedhur të komunave dhe anëtarët e këshillave të komunave" është botimi i dytë i ndryshuar, i plotësuar dhe i zgjëruar të cilin e përgatiti shërbimi profesional i BNJVL-së dhe i cili paraqet shembull falas për përfaqësuesit e pushtetit lokal. Është shtypur në gjuhën maqedonase në 2000 shembuj dhe në gjuhën shqipe në 800 shembuj. Në doracakun janë përmbajtur lëmitë më të rëndësishme të cilat janë në kompetencat e pushteteve lokale, midis të cilave është përpunuar tema për organet e komunës, financimit dhe buxhetit komunal, menaxhimi me pronën komunale, zhvillimi ekonomik lokal , planifikimi hapësinor dhe urbanistik. Gjithashtu u përpunuan edhe kompetencat në lëminë e arsimit, sportit, mbrotjes sociale, kulturës, ndërmarrjet publike dhe komunale, mbrojta e mjedisit jetësor. Domethënia e transparencës dhe qasjes së komunës deri te qytetarët dhe publikut të përgjithshëm ka gjithashtu rëndësi të veçantë, e në atë kontekst është përpunuar edhe tema për marrëdhënie me publikun dhe pjesëmarrja e qytetarëve në pushtein lokal. Roli i BNJVL-së, si organizatë e vetme ombrellë e të gjitha 84 komunave dhe qytetit të Shkupit, pastaj pjesëmarrja e pushteteve lokale, nëpërmjet të BNJVL-së në institucionet evropiane dhe trupat të cilat i janë dedikuar zhvillimit të kësaj lëmie dhe mundësive për bashkëpunim midis vetë komunave janë gjithashtu lexime interesante veçanërisht për personat të cilët gjatë katër viteve të ardhshme do të jenë përgjegjës për funkcionimin kualitativ të pushtetit lokal në përgjithësi në vendin tonë. Me doracakun të gjithë të interesuarit mund të njihen edhe nëpërmjet të web faqes së BNJVL (www.zels.org.mk), ku i njejti është ngjitur.

# ИНСТАЛИРАЊЕТО НА ОПРЕМАТА ЗА СИМУЛТАН ПРЕВОД, ВО ЗАВРШНА ФАЗА

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија – ЗЕЛС обезбеди опрема за симултан превод и кабини за преведување за 29 општини од земјава, кои на 10 јули официјално ќе бидат пуштени во употреба. Испораката на опремата, според спроведената тендерска постапка им беше доверена на стручни лица од АД „Македонски Телеком", а инсталација на кабините ја врши фирмата ,,Дуна Комјутери". До крајот на јуни опремата е доставена или инсталирана во 26 општини, каде во тек се и обуките за лицата од општините кои ќе ракуваат со неа. Имено, општините Гостивар, Крушево и Чучер- Сандево ќе добијат опрема за тријазично преведување, а можности за двојазичен превод ќе имаат општините Бутел, Сарај, Чаир, Шуто Оризари, Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Дебар, Долнени, Желино, Зелениково, Кичево, Куманово, Липково, Маврово-Ростуше, Петровец, Пласница, Сопиште, Струга, Студеничани, Теарце, Тетово, Центар Жупа, Чашка и Зајас. Опрема за симултан превод ќе биде инсталирана и во просториите на ЗЕЛС.

На овој начин ЗЕЛС им го олеснува финансискиот товар на општините за купување и инсталирање на ваквата опрема, им им овозможува на општините да ги реализираат со устав загарантираните права на граѓаните од етничките заедници за изразување на мајчиниот јазик, каде процентот на застапеноста на етничкото население е поголем од 20% од вкупниот број жители во општината. ЛОкалните власти од сопствениот буџет ги покриваат само трошоците потребни за адаптацијата на просторот. Опремата ќе биде инсталирана во општинските конференциски сали во кои се одржуваат седниците на Советот на општината, а истата ќе ја користат и општинските комисии за односи меѓу заедниците, чии активности исто така се поддржани од ЗЕЛС, а се повторно во правец на реализација на утврдени законски одредби.

Набавувањето на опремата е во рамките на Проектот „Самостојност на ЗЕЛС и услуги", поддржан од Швајцарската агенција за соработка и развој (СДЦ). ЗЕЛС ангажираше експерти од Европската Унија кои направија увид во општинските простории каде ќе биде извршена инсталацијата по што на општините им доставија техничка документација со насоки какви измени и приспособувања треба да направат пред започнувањето на инсталирањето. Беше спроведена тендерска постапка, со помош на Комисија за јавни набавки, составена од градоначалници, претставници од СДЦ, ОБСЕ и Министерството за локална самоуправа.

# INSTALIMI I PAJISJES PËR PËRKTHIM SIMULTAN, NË FAZËN FINALE

Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë – BNJVL siguroi pajisje për përkthim simultan dhe kabina për përkthim për 29 komuna në vend, të cilat më 10 korrik zyrtarisht do të jenë të lëshuara në përdorim. Porositja e pajisjes, sipas procedurës tenderike të implementuar u ishte dhënë personave profesional nga SHA ,,Telekomi i Maqedonisë", dhe instalimin e kabinave ta kryen ,,Duna Kompjuteri". Deri ne fund të qershorit pajisja u dorëzua ose e instaluar në 26 komuna, ku në rrjedha janë trajnimet për personat nga komunat që do të udhëheqin me to. Pikërisht, komunat Gostivar, Krushevë, Çuçer Sandevë do të marrin pajisje për përkthim tre gjuhësor, dhe mundësi për përkthim dy gjuhësor do të kenë komunat Butel, Saraj, Çair, Shuto Orizarë, Bogovinë, Bçrvenicç, Vrapçishtë. Dibër, Dollnenë, Zhelinë, Zelenikovë, Kërçovë, Kumanovë, Lipkovë, Mavrovë-Rostushë, Petrovec, Pllasnicë, Sopishte, Strugë, Studeniçanë, Tearcë, Tetovë, Centra Zhupë, Çashkë dhe Zajaz. Pajisja për përkthim simultan do të jetë e instaluar edhe në hapësirat e BNJVL-së.

Në këtë mënyrë BNJVL ua lehtëson barrën financiare komunave për blerjen dhe instalimin e këtij lloji të pajisjes, u mundëson komunave ti realizojnë të drejtat kushtetuese të garantuara qytetarëve nga bashkësitë etnike për tu shprehur në gjuhën amëtare ku përqindja e përfshirjes së popullatës etnike është më e madhe se 20% nga numri i përgjithshëm i banorëve në komunë. Pushtetet lokale nga buxheti personal i mbulojnë vetëm shpenzimet e duhura për adaptimine hapësirës. Pajisja do të jetë e instaluar në sallat e konferencës të komunave dhe të njejtën do ta shfrytëzojnë edhe komisionet komunale për marrëdhënie midis bashkësive, aktivitetet e së cilave gjithashtu janë të përkrahura nga BNJVL, dhe sërish janë në drejtim të realizimit të dispozitave të caktuara me ligj.

Furnizimi i pajisjes është në suazat e Projektit ,,Pavarësia e BNJVL-së dhe shërbimet", nga Agjencia Zvicerane për bashkëpunim dhe zhvillim (SDC). BNJVL angazhon ekspertë nga BE që kanë përë këqyrje në hapësirat komunale ku do të kryhet instalimi me ëka komunave u dorëzojnë dokumentacion teknik me drejtime se çfarë ndryshime dhe aftësime duhet të bëjnë para fillimit të instalimit. Ishte implementuar procedurë tenderike, e përbërë nga kryetarë, përfaqësues nga SDC, OSBE dhe Ministria për vetëqeverisje lokale.



СРЕДБА ЗЕЛС – ВЛАДА

# ПОВЕЌЕЧАСОВЕН ДИЈАЛОГ СО ПРОДУКТИВНИ РЕШЕНИЈА

Изнаоѓање решенија за подобрување на финансиската состојба на општините, разгледување на прашања од областа на урбанизмот и просторното планирање, од руралниот развој, рамномерниот регионален развој, потоа разгледување на предлози за распределбата на средствата од концесиите, како и нагласување на потребата од донесување на закон за трговска дејности со мал обем, беа дел од темите за кои се водеше повеќечасовна дискусија на 17 јуни, во просториите на ЗЕЛС, помеѓу членовите на Управниот Одбор на ЗЕЛС и дел од владиниот тим министри, предводени од премиерот, Никола Груевски. Состанокот на кој општините бараа од Владата да се изјасни за поголем број прашања од локалната власт беше оценет како продуктивен бидејќи градоначалниците добија конкретни одговори за можностите на Владата и превземањето на нејзините натамошни правци за развојот на децентрализацијата. На почетокот на средбата, Коце Трајановски, претседател на ЗЕЛС, на премиерот Никола Груевски, му врачи благодарница за неговите лични заложби во поддршката на институционалното јакнење на општините, процесот на децентрализација и развојот на локалната демократија изразена преку соработката на Владата на Република Македонија со ЗЕЛС.

Премиерот укажа на досега направените напори и заложби на Владата и зголемувањето на средствата за образованието и за културата, за донесените законски подобности во областа на полицијата и современиот пристап на ,,community police,, обезбедените 120 милиони евра за изградба и реконструкција на локалните и регионални патишта, транспарентноста во однос на јавно изложување на списоците на концесионери и друго. Во областа на финансиите беше укажано дека Владата е отворена детално да ги разгледа можностите за зголемување на процентот од ДДВ наменет за општините, но поради влијанието и последиците од глобалната економска криза процесот би се одвивал етапно –со груба проекција за зголемување од 0,5 % годишно, некаде од почетокот на 2011 година.. Во однос на можностите за надминување на состојбите со блокираните сметки на одредени општини, беше укажано дека се разгледува утврдување на пакет мерки за едногодишни краткорочни позајмици, што ќе биде доставен до ЗЕЛС. Владата искажа подготвеност и за дијалог во однос на распределбата на средствата од приватизација на градежното изградено земјиште, за што би се изготвил и Предлог - Закон, а иницијативата за зголемување на стапката на данокот на имот, Владата не ја прифати, особено поради влијанието на економската криза во напата земја. Владата упати и одредени апели до градоначалниците за поголема ажурност за изготвување на инфраструктурни проекти за аплицирање за средствата за канализации обезбедени од Европската банка за развој во висина од 50 милиони евра, како и за побрзо доставување на проекти за добивање средства од кредитот за реконструкција и ревитализација на локалните и регионалните патишта, за што досега пристигнале само 33 проекти.



Во областа на урбанизмот Владата го поддржа проектот на УСАИД кој подразбира мерење и јакнење на капацитетите на општините за самостојно да управуваат со земјиштето. Во рамките на овој проект е предвидено изготвување на студија согласно која Владата ќе ги разгледа понатамошните чекори. Во однос на Предлог-Законот за легализација на неформално изградените градби беше договорено одржување на посебна средба на претставници од ЗЕЛС со министерот за транспорт и врски Миле Јанакиески, а во однос на разгледувањето на можноста за зголемување на износот на средства од фондот за локални патишта беше укажано дека за оваа година процесот на планирање на средствата е завршен.

И барањата од областа на руралниот развој разгледани на средбата добија одредени одговори, меѓу кои дека до 2012 година ќе се утврди фактичката состојба и ќе се востанови катастар на земјоделско земјиште по општините, по што ќе може да се дискутира и за овозможување на правото на општините да поседуваат земјоделско земјиште, пасишта и шуми за потребите на руралниот развој и развојот на земјоделството, а општините беа повикани да ги пријават парцелите кои




ЗЕЛС
BNJVL

















се узурпирани или на кои има изградено дивоградби, односно не се во согласност со податоците во катастар. Сличен беше и одговорот на барањето за вклучувањето на општините во постапката на управување и распределба на државно земјоделско земјиште, односно располагање, давање под закуп и други форми на управување со истото.

Во однос на воспоставување на право за поведување на постапка за оценка на поведението за концесионерот беше укажано дека ова прашање е во исклучителна надлежност на инспекциите во рамките на Министерството за економија и беше апелирано до министерот да ја зголеми контролата и да се формира работна група која ќе предлага измени во прописите од областа на концесионерство, каде беше повикан ЗЕЛС да предложи свои претставници. Беше потенцирано Министерството за земјоделство да ја разгледа можноста за утврдување на соодносот на распределба на средствата од добиени закупнини и концесии на земјоделско земјиште особено предлогот на ЗЕЛС за распределба од 80%-20% во корист на општините. Потребата од однесување на Закон за трговска дејност од мал обем ЗЕЛС повторно го нагласи и на оваа средба, при што беше задолжено Министерството за економија да изготви Предлог-Закон во најбрз можен рок, а ЗЕЛС да се вклучи во утврдувањето на содржината со свои предлози. Не изостана и прашањето за почитување на одредбите од Законот за рамномерен регионален развој, особено во делот за добивањето и искористувањето на средствата за финансирање на проектите, при што Владата потенцираше дека износот од 1% од БДП за РРР треба да се сфати како цел која треба да се постигне, како политичка волја, но не и како реалност во овој момент и во услови на светска криза., особено што тоа е процент што го одвојуваат високо развиените европски земји за регионалниот развој и дека засега не треба да се креираат нереални очекувања особено во следните две до три години. ЗЕЛС го бранеше ставот дека треба да се почитуваат дадените законски одредби додавајќи дека тоа се однесува и за одредбите за кофинасирањето од страна на државата, на 50% за активностите на регионалните центри. Беше констатирано дека општините треба да ги зајакнат капацитетите и да ги забрзаат подготовките со цел да се воспостави организациона структура согласно ЗРРР, за да можат општините да користат колку што е можно повеќе средства врз основа на проекти, при што беше прифатено барањето на ЗЕЛС да има свој претставник, како член на Комисијата за избор на проекти.



### TAKIM I BNJVL-SË ME QEVERINË

# DIALOG SHUMËORËSH ME VENDIME PRODUKTIVE

Gjetje e zgjidhjeve për përmirësimin e gjendjes financiare të komunave, shqyrtim i çështjeve nga lëmia e urbanizmit dhe planifikimit hapësinor, nga zhvillimi rural, zhvillimi i barabartë rajonal. Pastaj shqyrtim i propozimeve për ndarjen e mjeteve nga koncesionet, si dhe theksimi i nevojës për sjelljen e ligjit për veprimtaritë tregëtare të vëllimit të vogël, ishin pjesë të temave për të cilat u zhvillua diskutimi shumëorësh më 17 qershor, në hapësirat e BNJVL-së, midis anëtarëve të Bordit drejtues të BNJVL-së dhe pjesës së ekipit të ministrave të qeverisë, të udhëhequr nga kryeministri i qeverisë Nikolla Gruevski. Mbledhja në të cilën kryetarët e komunave kërkuan nga Qeveria të shpjegojë për numër më të madh të çështjeve nga pushteti lokal u vlerësua si produktive sepse kryetarët e komunave fituan përgjigje konkrete për mundësitë e Qeverisë dhe ndërmarrjen e drejtimeve të saja të mëtutjeshme për zhvillimin e decentralizimit. Në filim të takimit, Koce Trajanovski, kryetar i BNJVL-së, kryeministrit Nikolla Gruevski i dorëzoi falenderim për përpjekjet e tija personale në përkrahjen e përforcimit institucional të komunave, procesit të decentralizimit dhe zhvillimit të demokracisë të shprehur nëpërmjet të bashkëpunimit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë me BNJVL.

Kryeministri shpjegoi për përpjekjet e Qeverisë të bëra deri më tani dhe rritja e mjeteve për arsim dhe kulturë, për përshtatshmëritë ligjore të sjellura në lëminë e policisë dhe qasjes bashkëkohore të „community police" 120 milion eurot të siguruara për ndërtimin dhe rekonstruimin e rrugëve lokale dhe rajonale, transparenca në raport me paraqitjen publike të listave të koncesionarëve etj. Në

